26 5317

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО - НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ: ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ АНАЛИЗА НА ВРЕМЕНСКИ СЕРИИ И ДЕМОГРАФИЈА, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Економски факултет - Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" од 7.11.2019 година, за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област: пименета економија, по предметите: Анализа на временски серии и Демографија, и врз основа на Одлуката на Наставно – научниот совет, бр.02-2471/4, донесена на 29.11.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Калина Треневска Благоева, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Драган Тевдовски, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Предраг Трпески, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно – научни звања во научната област: применета економија, по предметите: Анализа на временски серии и Демографија, во предвидениот рок се пријави доцент д-р Марија Трпкова-Несторовска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката доцент д-р Марија Трпкова-Несторовска е родена на 22.2.1981 година во Скопје. Средно образование завршила во родниот град. На Економскиот факултет во Скопје се запишала во 1999 година на департманот Сметководство и ревизија, каде што и дипломирала во 2003 година со просечен успех од 9,45. Од 2004 година до 2006 година работела како маркетинг аналитичар во T-Mobile Македонија, а од 15.12.2006 година започнува со работа како помлад асистент на група предмети од областа на Статистиката на Економскиот факултет во Скопје. Последипломските студии ги завршила на Економскиот факултет во Белград во 2010 година, на магистерскиот студиум Статистичка анализа, со просечен успех од 9,78, на тема „Класификациони процедури во мултиваријационата статистичка анализа", со што се стекнала со титулата магистер по статистички науки. Докторската дисертација со наслов „Примена на векторските авторегресивни модели во макроекономското моделирање" успешно ја одбранила на 3.7.2014 година, на Економскиот факултет во Скопје, со што се стекнала со звањето доктор на економски науки.

Во звањето доцент на Економскиот факултет во Скопје во областа на економските науки по предметот Анализа на временски серии е избрана на 31.1.2015 година.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1090 од 15.12.2014 година.

Рецензентската комисија ги разгледа сите научни, наставни, стручни и останати достигнувања на кандидатката од почетокот со работата на Економскиот факултет во